**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**

==========================================================

**Број 04 -388/18**
**19.12.2025 год**
**П л а с н и ц а**

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Р.С.Македонија“ бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 80/2016, 127/2016, 142/2016, 2/2017, 16/2017, 11/2018, 275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024 година), Градоначалникот на општина Пласница донесе:

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат за вработување по јавен оглас**

**1**. По јавниот оглас број 796/2025 за вработување на административен службеник во општина Пласница, објавен во дневните весници „Нова Македонија”, „Слободен Печат” и „Лајм”, како и на интеренет страницата на Агенцијата за администрација, од предлогот за вработување на кандидати за работното место **Помлад референт за административни работи – Одделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој**, Шифра УПР0101Г04000, во општина Пласница се избира кандидатот:

- **Мејран Бачкоски**

**2.** Раководното лице на општина Пласница во рок од 5 дена по конечноста на одлуката, ќе донесе решение за вработување на кандидатот од точка 1 на оваа одлука.

**3**. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

***О б р а з л о ж е н и е***

Комисијата за селекција на кандидати за селекција за вработување по Јавен оглас, формирана со Решение на Директорот на Агенцијата за администрација бр.10-1694/5 од 24.07.2025 година, во функција на спроведување на постапката за вработување на административен службеник за извршување на работите од точка 1 на оваа одлука, а по објавениот јавен оглас број 796/2025 објавен на ден 17.07.2025 година во дневните весници „Нова Македонија”, „Слободен Печат” и „Лајм”„ комисијата спроведе постапка за селекција за вработување за наведеното работно место.

По спроведената постапка за селекција за вработување, односно административна селекција, испит за администативен службеник и проверка на веродостојноста на доказите и интервју, Комисијата изготви Конечна ранг-листа на кандидати од сите фази на селекција со Предлог за вработување на кандидат број 10-1694/14 од 15.12.2025 година, по јавен оглас број 796/2025 година, врз основа на што Градоначалникот на општина Пласница изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација-Комисија за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната на Агенцијата за администрација.

**Доставено до:**

- **Кандидатот;**
- **Архива,**
- **Досие**
- **Агенција за администрација**

**Општина Пласница**

**Градоначалник**

**Алија Јаоски**

------------------------------------------